can be found; as well as several examples of the traditional views of protestant ethics.

In “Trascendencia y ficcion utopica” (pp. 181-213), Nakládalová expands on the idea of religion as one of the fundamental questions in the constitution of utopia, locating its origins in the confluence of different traditions of religious or sacred nature. According to her, utopia gathers material from the Greco-roman mythological tradition (exemplified in the different versions of myths of the Golden Age), but it is the judeo-christian imagery of Heaven on Earth that incarnates its most direct substrate, and the prophetic and eschatological images convert it to a terrain for theological and doctrinal debates. Using, among others, the same quotes on the incompatibility between religion and utopia Vieria uses in her text, Nakládalová acknowledges other approaches, but firmly claims that the nature of the religious forms, their metaphysical status and their spiritual design can help reveal the most ambiguous attributes of utopia, the very essence of the utopian *topos* and *mitos*. Utopia strives for secular perfection, but through the awareness of the numinous and through the rewarding relation between man and the holy. Nakládalová recommends a re-examination of the utopian genre, in order to conclusively affirm the presence of the metaphysical and the religious in the paradigmatic state.

The collection, albeit somewhat limited in terms of number of contributions, certainly makes up for what it lacks in quantity with the quality of the theoretical thought it presents. Versatile and refreshing, it sheds light from different perspectives on the issues of religion and utopia, managing to spark interest for additional investigations of the subject at hand.

.

*Marija Todorovska*
Faculty of Philosophy
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

MICHEL SÉVE – PATRICK WEBER, *Guide du forum de Philippes*, Sites et monuments no 18, Ecole française d’Athènes, 2012, 91 стр., 60 фотографии, 5 табли со архитектонски и планиметриски планови.

Во серијата *Наоѓалишта и споменици*, на француската археолошка школа од Атина, како 18 книга по ред, од печат излезе водич за форумот на македонскиот град Филипи, основан од Филип II, со цел надзор на Пангајските рудници.

Веднаш треба да се каже дека ова не класичен водич како споед концепцијата, така и според содржината. Имено вообичаено е водич да се прави за значајно наоѓалиште или населба или пак за музејска установа или музејска поставка. Во овој случај не станува збор за водич во класична смисла на зборот, туку за водич за одделен сегмент на градот Филипи, а тоа е Форумот, местото на општествената (политичка, судска и религиска) дејност на неговите граѓани; местото за храмови на главните божества, за почесни споменици на заслужни граѓани, посвети за царевите и сл. Таков е почесниот натпис (сл. 19) за *C. Modius Laetus Rufinianus*, кој како квестор – пропретор на провинцијата Македонија и куратор на колонијата Филипи

ги надгледувал работите на Форумот. Интересен е натписот, најден во близина на екседрата, поставен за мир на Августот и мир на колонијата од граѓанин на Филипи кој бил центурион на XI градска кохорта (сл. 49).

Ископувањата на градот Филипи, со повремени и краткотрајни застои траат од 1914 год. Првите ископувања на Форумот пак, започнале 1923 год., а се обновени во 1977 год. од француската аерхеолошка школа под водство на двајцава Автори, кои посветувајќи им го овој труд на претходните изучувачи, на убав начин им оддаваат признание за нивната работа. Едниот, Мишел Сев, археолог и епиграфичар, со нагласен интерес и потесна специјалност за античка архитектура, професор по историја на стара Грција на Универзитетот во Мец, а другиот, Патрик Вебер, архитект, секој со методите на својата специјалност успеале да направат јасна слика на повеќепати разградуваниот и доградуван форум на Филипи, чии бројни градежни фази го отежнуваат истражувањето, а особено презенатцијата на објектите. Од друга страна пак олеснителна околност е тоа што Филипи е еден од ретките антички градови без урбан континуитет, освен краткотрајното населување во X век и тоа само на западниот дел од градот (в. карта). И веднаш се наметнува споредбата со Стоби (*municipium Stobensium*) со исто времетраење како на градот така и на неодамна ископуваниот Форум. Освен големите сличности во досега откриените делови од форумот во Стоби, има и две разлики: прво стобскиот форум не е во центарот на градот како што е вообичаено туку на брегот на р. Црна (*Erigon*), и е многу подобро зачуван, така што градбата со зачуваните сводови и два брода треба да се идентификува како портик со продавници.

По предговорот и упатството за користење на водичот и за посета на градот Авторите даваат кус историјат на Филипи (стр. 9–10). Најстарата населба, Крениде, ја основале преселници од Тасос во 360 год. ст.е., кои бивајќи загрозени од локалното население го повикале на помош Филип II. Тој пак, во 356-та год. ст.е. ја преуредил населбата во град што го именувал со своето име „град на Филип“, а не Филипополис како што е вообичаено кај Хелените. Од 42 год. ст.е., со наслеување на првите римски ветерани од војската на М. Антониј, а во 30-та год. со италски граѓани населени од Октавијан Август, градот добива правен статус на римска колонија (*Colonia Julia Augusta Philippiensium*), латинска енклава во источниот дел на Македонија и врата помеѓу Европа и Азија. Настан во историјата на градот со значење поголемо од локалното е посетата од апостолот Павле во 49 год. н.е. и неговото послание до Филипјаните. Од крајот на IV век н.е. градот страда од варварските напади – прво од Готите, потоа од Аваро-Словените, за конечно да згасне во VII век н.е.

Историјатот на форумот (стр. 11–27), ситуиран во срцето на градот, распослан на повеќе тераси, пресечен со главната градска улица, *decumanus maximus*, што била сегмент од *Via Egnatia*, е прикажан преку градежните фази: предримскиот форум; трите монументални фази и последната фаза, фаза на преуредување со скромни и лошо зачувани градби по што следело опустување на градот.

За форумот од хеленистичко време – малку се знае поради последователните римски зафати. Авторите проценуваат дека најверојатно бил малку поисточно од римскиот форум, а под ранохристијанскиот Октогон. Тоа се се поткрепува и со гробницата од македонски тип (III век ст.е.), веројатно гробница на локалниот предок/херој зошто е изградена *intra muros*. Во II век н.е. форумот имал најмонументален изглед, со големина од 2 ха.

За секоја фаза е даден план на форумот, реконструкции на оддделни градби, податоци како и фотографии за најзначајните наоди.

I фаза се датира во времето на императорот Клаудиј до ½ I век н.е., кога форумот е распослан на две тераси;

II фаза (¾ на II век), форумот е подобро зачуван, една посвета најдена во Куријата кажува дека имало градежни работи во време на императорот Антониј Пиј.

III фаза – од крајот на V и почетокот на VI век, ја покажува христијанизацијата на градот, портикот на долната тераса ок. 500 год. н.е. е реконструиран како и најголемиот дел од градбите, додека на горната тераса зафатите се радикални – на местото на паганскиот храм била изградена монументална ранохристијанска базилика (сл 13, бр. 1 на сл. 68 )

Следната глава (стр. 29–31) се однесува на градежните техники, невообичаено за водич, но сепак корисно, со што завршува научниот дел на оваа книга. Дури после ова (стр. 33−80) започнува водичот во вистинска смисла на зборот − прикажување на функциите, декорацијата и архитектурата на главните градби (храмови, библиотека, портици, продавници, архивата – табулариум, екседра, курија, фонтани, базилика - судница, палестра, латрина и др.) преку фотографии на зачуваната архитектура како и планови со реконструкција на градбите кога за тоа имало доволно елементи. На планот сл. 67, објектите се обележени со броевите под кои се прикажани во текстот. На горната тераса на форумот најдена е посвета за Јупитер што укажува на местото на храмот, Светилишта во карпите, се одамна објавени и главно се посветени на локалната Артемида.

На долната тераса откриени се: храм за императорскиот култ и за генијот на колонијата (сл. 20а, бр. 1 на сл. 67), а покрај него еден постамент за статуи (бр. 21 на сл. 65, сл 56) со посвета од свештеничката на Ливија, сопругата на Август; базилика за судските работи (бр. 10), сл. 67; настрешницата – балдахин од ¾ на II век (градба бр. 11 на сл. 67, реконструкција на сл. 61, 65) за монументалната статуа на градската Фортуна (сл. 43); архива-табулариум (бр 9 на сл 67 сл. 39 а, б) за чие обновување, после опожарувањето, од месниот благородник *C. Oppius* знаеме од натпис (сл. 38); библиотека (сл. 25) чии ѕидови имале оплата од мермер, а најдените столбови се изработени од гранит и локален мермер. На архитравот од библиотеката месниот благородник испишал посвета за царското семејство и за колонијата Филипи, ролните се чувале во ниши (дим. 2,50 x 1 м. и длабочина од 0,55 м.), а Авторите проценуваат дека максималниот број бил 10.000. Продавниците биле на јужната страна (сл 36 а, б бр. 7 на сл. 67); на северо западниот крај на портикот била Куријата (бр. 12 на сл 67, сл. 20, 44 а,б,) со подиум за статуи (најдени се две статуи). Според капацитетот бројот на дуумвирите се проценува на 70–75 луѓе. Треба да се спомене наодот на статуа на Минерва (сл. 47), што веројатно стоела на централната акротерија на куријата. Фрагменти (глава со шлем, делови од штит) од мермерна статуа со позлата, на Минерва се најдени во апсидалниот дел бр. 2, од форумот во Стоби и веројатно ѝ припаѓала на стобската курија.

На крајот од книгата се наоѓаат три табли со архиметриски пресеци и реконструкции на форумот и две планиметриски – на римскиот и рано византискиот форум. На внатрешната страна од предната корица пак, е даден план на градот, а на задната кусо резиме на француски и на англиски

јазик. Не е неопходно да се каже дека квалитетот на илустративниот материјал, впрочем како и на сите изданија на француската археолошка школа е на завидно ниво.

Двајцата автори направиле синтеза на досегашните научни сознанија, но ги прикажале на начин – јасен и разбирлив и за поширокага публика (речник на стручни термини, стр. 81). Авторите приложиле и литература (стр. 87/88) за продлабочување на знаењата за оние што сакаат, та иако своето дело скромно го нарекле водич тоа е многу повеќе од водич во класична смисла на зборот што се гледа од показателот (стр. 83–85) што е задолжителен елемент за научни публикации, но не и за водич. Затоа со големо нетрпение ја очекуваме најавената научна елаборација од истиве автори.

*Наде Проева*
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
Скопје